СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-968/5**
**27.12.2021, Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ**
од **23-рата седница** на Извршниот одбор на СКМ
одржана **на ден 06.10.2021 година**

На **23-тата седница** на Извршниот одбор на СКМ присуствуваа сите членови и тоа: д-р Мирлинд Селими, д-р Маријан Денковски, д-р Коста Изов, д-р Оливер Манасиев, д-р Марина Прентовска, д-р Јордан Стојаноски, д-р Димитар Малешевски, д-р Борче Стојанов, д-р Арбен Асани, д-р Весна Чемерска Попова, д-р Агрон Пашоли, д-р Фисник Касапии и д-р Кенан Ферати, а д-р Александра Табаковска преку платформата ZOOM.

На седницата присуствуваше и Претседателот на Надзорниот одбор на СКМ, д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во **13:30 часот**, а истата ја отвори Претседателот на Извршниот одбор на СКМ, д-р Мирлинд Селими, со читање на Предлог- дневниот ред.

По отварање на седницата и откако се констатира кворум и го прочита предлог-дневниот ред, Претседателот на ИО, д-р Мирлинд Селими, го стави дневниот ред на гласање, при што истиот беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следниве точки:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 22-рата седница на ИО на СКМ;
2. Разгледување на иницијатива со предлози за **дополнување на Законот за здравствената заштита**;
3. Разгледување и усвојување на **Предлог-правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се спроведува пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;**
4. Разно.

**1. Разгледување и усвојување на Предлог-записник од 22-рата седница на ИО на СКМ;**

Предлог-записникот од **22-рата седница**, одржана на ден 21.08.2021 година, беше ставен на гласање и усвоен со една забелешка од д-р Борче Стојанов.

2. Разгледување на иницијатива со предлози за **дополнување на Законот за здравствената заштита**;

По однос на втората точка се отвори дискусија за потребата од дополнување на Законот за здравствената заштита и тоа во одредбите што се однесуваат на:

-поликлиника што спроведува стоматолошка здравствена дејност,

-вклучувањето на стоматолошките сестри во членството на Комората и

-донесување акт за утврдување на минималните цени на здравствените услуги кои пациентите ги плаќаат со лични средства, како задача на Собранието на СКМ.

Се отвори дискусија на која членовите дискутираа за конкретната иницијатива со предлози за дополнување на Законот, кои откако ќе се разгледаат на оваа седница, треба да се достават и до Собранието на СКМ.

Текстот на предлог-одредбите за дополнување на Законот за здравствена заштита, како и текстот на одредбите од Законот што се менуваат, се во прилог на овој Записник како Иницијатива со предлози за дополнување на Законот за здравствената заштита.

Иницијативата со предлози за дополнување на Законот за здравствената заштита е едногласно усвоена и ќе се достави на усвојување до Собранието на СКМ на наредната седница, а формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба.

3. Разгледување и усвојување на **Предлог-правилник за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се спроведува пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;**

По однос на оваа точка, се отвори дискусија меѓу членовите и се истакнаа причините за донесување на овој Правилник.

При разгледување на текстот на Предлог-правилникот, се постави прашањето дали секоја установа која прима доктори на стоматологија на пробна работа (стажант) треба да ја извести Комората и дали е дозволено во една установа да има само еден едукатор. Дел од членовите на ИО сметаат дека цената што ја наплаќаат установите на доктори на стоматологија на пробна работа треба ја определуваат самите установи. Се истакна став дека во установите треба да се води точна евиденција на доктори на стоматологија кои се на пробна работа, установата да дава потврда дека докторот кај нив извршува пробна работа.

Еден член на ИО не се согласува со предлогот, бидејќи на тој начин ќе се зголеми обемот на административната работа, што претставува дополнителен товар за ординациите. Друг член посочи пример дека дел од докторите кои се на пробна работа наместо истата да ја извршуваат една година, само собираат потписи од ординациите за неколку часа, а целта на измените е токму да се избегне оваа појава во иднина.

Во дискусијата меѓу членовите на ИО се истакна дека треба да се најде начин како докторите на стоматологија кои живеат надвор од Скопје и ќе одат на пробна работа во определена ординација надвор од градот, во Комората ќе го пријават почетокот на пробната работа. Ова од причина што докторите од Скопје лесно би можеле и физички да отидат во просториите на СКМ, но треба да се изнајде полесен начин за докторите од другите градови низ државата (да им се даде можност онлајн да можат да ја исполнат обврската кон СКМ). На докторите кои во иднина треба да извршуваат пробна работа ќе им се остави доволно време за да можат да се запознаат со оваа новина.

Во продолжение на дискусијата беше истакнато дека Комората има евиденција само за доктори на стоматологија кои имаат лиценца за работа, но нема евиденција за доктори на стоматологија кои дипломирале и сеуште немаат лиценца за работа.

Од дискусијата се заклучи дека:

-до Комората треба да се достави известување за износот на максималната цена по специјалност од установата и дека самата установа ја определува цената;

-повеќе од еден стажант не може да има на едно работно место во исто време,

-да се води евиденција (општа евиденција за почеток и крај на пробната работа) која подоцна ќе се дефинира и прецизира.

Предлог-текстот на Правилникот е дополнет со предлозите, по што претседателот на ИО го стави Предлог-правилникот за поблиските критериуми што треба да ги исполнуваат здравствените установи каде се спроведува пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата на гласање, при што истиот беше **едногласно усвоен** и ќе биде доставен на разгледување и усвојување до Собранието на СКМ, а формално-правно одлука ќе изготви Стручната служба.

4. **Разно**

**4.1.** По оваа точна збор побара д-р Јордан Стојаноски, кој побара мислење од членовите на ИО, дали да се оформи Едукативен Центар на СКМ, на пример: Комората да се претплати на три поважни сајтови, да стигнуваат до одредени списанија, да се купат определен број на најрелевантни книги и на секој колега на кој му треба докторант, специјализација и сл., да дојде во просториите на СКМ и да има пристап до разни платени светски списанија, за да може да врши научно-истражувачка работа, без да мора сам да купува книги. Во продолжение на дискусијата по овој предлог се отвори прашањето дали СКМ смее да го прави тоа и да овозможи пристап до информации. Се истакна и мислење дека тоа не е работа на СКМ, туку на образовните институции. Сепак, за оваа точка се остави простор да се приберат доволно информации и да се направи подетална анализа за оваа идеја, за да може во наредниот период повторно да се дебатира по истата.

**4.2.** Предлог - правилник за взаемна помош – кој содржи измени и дополнувања е доставен до членовите на ИО за разгледување и се остава време за да можат подетално да го разгледаат Предлог - правилникот со сите предвидени измени и дополнувања, за да можат навремено да се произнесат по истиот. Се истакна дека во измените на овој Предлог – правилник, меѓу другото е опфатена и досегашната Одлука за одобрување на финансиска помош по основ породување за членовите на СКМ бр. 02-889/6 од 17.07.2019 г. на Извршниот одбор на Комората.

**4.3.** На прашање упатено до г-н Фисник во врска со изработка на протоколи, истиот истакна дека протоколот за оралната хирургија е готов, до следната седница на ИО ќе се финализира.

**4.4.** Членовите на ИО беа запознаени со Барањето на ЗПЗСУ ПДДМ Кавадарци за информација за името на авторот на текст објавен под наслов ''Благодарам'' во септемврискиот број на списанието VOX Dentarii. Согласно член 76 од Статутот, Комората издава свое информативно стручно списание што излегува по потреба, во печатена или електронска верзија, периодично, најмалку на четири месеци, преку кое се обезбедува навремено информирање на своите членови и пошироката јавност за одлуките, заклучоците, ставовите, предлозите и мислењата усвоени на седниците на органите и телата, извештаите усвоени од Собранието, за организираните акредитирани и други стручни предавања како и за други актуелности што се од интерес на докторите на стоматологија. Списанието бесплатно го добиваат сите членови на Комората, а истото се објавува на интернет-страницата на Комората. Согласно одредбите од Законот за медиуми, **списанието VOX не е медиум и не подлежи на одредбите од наведениот закон**. Од тие причини, нема да се објави дописот на здружението со реакција на објавен текст во списанието.

**4.5.** На седницата членовите беа информирани дека Стручната служба на СКМ останува со еден вработен помалку, поради престанок на работниот однос на еден вработен. Проследена е информација дека дополнително во Стручната служба на СКМ ќе се вработи лице – преведувач од албански на македонски јазик и обратно.

**4.6.** Членовите на ИО дискутираа и за вакцинација со трета доза на здравствените работници и едногласно одлучија да се даде препорака до стоматолозите да се вакцинираат со трета доза вакцина против Ковид 19.

По исцрпување на сите точки од дневниот ред, Претседателот на ИО, д-р Селими ја затвори 23-тата седницата на ИО на СКМ во 14:45 часот.

Записничар,
м-р Ана Ангелеска

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Извршен одбор на СКМ,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.